МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

# ПРАВИЛА ЗА МЕДИУМСКО ПОКРИВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ 2018

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Правилата претставуваат операционализација на обврските на Јавниот радиодифузен сервис - МРТ за покривање на јавната пропаганда за референдум и за референдумскиот молк што произлегуваат од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, Изборниот законик, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

Според Упатството за медиумско претставување за време на референдум бр. 01-3764/1 од 17.08.2018 година на АВМУ, Јавниот радиодифузен сервис ќе се води од начелата на праведно, избалансирано и непристрасно медиумско претставување на заинтересираните страни кои ќе ја водат јавната пропаганда и ќе обезбеди можност граѓаните да добијат поразновидни ставови.

Со телевизиската програма нема да се фаворизира која било од заинтересираните страни во референдумот и нема да се објавуваат информации и пораки со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било основа забранета со закон.

Уредници, новинари, водители и презентери ангажирани во подготвувањето програми не смеат да учествуваат во јавна пропаганда за референдумот, а доколку се определат за тоа, нивниот ангажман во програмата мора да мирува до завршување на референдумот.

Во соработка со Државната изборна комисија (ДИК), МРТ е должна да ги информира граѓаните за начинот, техниката на гласање и за други информации поврзани со процесот.

## I. ПОКРИВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ ВО ВЕСТИ И ДНЕВНИЦИ

Првиот програмски сервис на МРТ – МРТ1 ќе ги покрива активностите на јавната пропаганда за референдумот во Вестите и Дневниците на Првиот телевизиски програмски сервис (МРТ1), со акцент на Дневниците од 17.00 и 19.30 часот.

Информациите од Дневникот во 17.00 часот ќе бидат достапни и за лицата со оштетен слух.

Структурата на Вестите и Дневниците ќе биде конципирана согласно со тековните настани и активностите поврзани со јавната пропаганда за референдум.

Јавниот радиодифузен сервис се обврзува на сите свои програмски сервиси, известувањето во дневно-информативните емисии да биде точно, навремено и разбирливо.

МРТ доследно ќе ги почитува стандардите и начелата за создавање на програмите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стандардите на новинарската професија од Етичкиот кодекс на новинарите на Република Македонија и на МРТ и ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на заинтересираните страни.

## II. РЕФЕРЕНДУМОТ ВО ПОСЕБНИТЕ ИНФОРМАТИВНИ ПРОГРАМИ

Имајќи ја предвид неопходноста, граѓаните да бидат информирани за ставовите на заинтересираните страни, МРТ за време на јавната пропаганда (почнувајќи од 10-ти септември 2018 година), ќе емитува дебатни емисии во работните денови, преку кои граѓаните ќе добиваат впечаток за ставовите на заинтересираните страни. Со оглед на фактот што овластен предлагач и носител на јавната пропаганда е Собранието на Република Македонија, дебатите ќе бидат соочувања на претставници на парламентарните групи, но и на други субјекти: претставници на граѓански иницијативи, експерти, новинари, интелектуалци.

Темата на дебатните емисии ќе биде претстојниот референдум, а секоја од нив ќе биде профилирана согласно со аспектите што се опфаќаат.

МРТ ќе организира дебати, без оглед дали некоја од заинтересираните страни ќе го откаже учеството. Во таков случај ќе биде оставено празно столче за отсутните, публиката ќе биде информирана за причините на отсуството, а другите учесници ќе продолжат да дебатираат.

Водителот на дебатата мора да се однесува според етички и професионални принципи на непристрасност и неутралност кон сите учесници во дебатата. Јавниот радиодифузен сервис ќе ги направи дебатните програми достапни и за лицата со оштетен слух.

## III. ПОСЕБНИ ОБВРСКИ НА ИНФОРМАТИВНАТА ПРОГРАМА

Покрај општите принципи и обврските што се однесуваат на сите радиодифузери, за Јавниот сервис важат и следните дополнителни обврски:

- Во информативните програми наменети за информирање на гласачите, Јавниот радиодифузен сервис ќе обезбеди сеопфатно, детално и практично

едуцирање на јавноста за законската регулатива поврзана со референдумот, за содржината на референдумското прашање и за начинот и техничката на гласање;

- Најмалку една дневно-информативна емисија, емитувана во ударен термин, ќе ја направи достапна и за лицата со оштетен слух;
- Дел од посебните Информативни програми посветени на референдумот ќе ги направи достапни и за лицата со оштетен слух;
- Нема да емитува платена јавна пропаганда.

## IV. ДРУГИ ПРОГРАМИ

Програмите на МРТ кои емитуваат образовна, играна, документарна и забавна содржина, нема да се користат за претставување на заинтересираните страни, ниту пак, за интервјуа со носители на јавни функции.

## V.ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ИСПИТУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

МРТ ќе известува за резултати од испитувања на јавното мислење од релевантни агенции, доколку е познат нарачателот и ако е реализирано тоа на репрезентативен примерок.

При објавување на резултатите од испитувања на јавното мислење ќе ги почитува следните принципи:

- Задолжително ќе ги објави следните податоци: името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, името на институцијата што го

извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето;

- Ќе информира и за очекуваната маргина на грешка, особено кога разликата е во рамките на маргината;

- Резултати од испитувања на јавното мислење поврзани со учесниците во процесот ќе се објавуваат најдоцна пет (5) дена пред денот определен за гласањето;

- Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на референдумот нема да се објавуваат пред 19.00 часот, односно пред затворањето на гласачките места.

## VI. РЕФЕРЕНДУМСКИ МОЛК

За време на изборниот молк, МРТ1 ќе продолжи да известува за процесот и за текот на гласањето, при што нема да емитува содржини кои би можеле да се сметаат за прекршување на изборниот молк. Оттаму, нема да објавува:

- Какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат заинтересираните страни на референдумот;

- Какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија кампања и можат да влијаат врз одлуката на граѓаните;

## VII. ПРАВО НА ИСПРАВКА И ОДГОВОР

Заинтересираните страни имаат право од МРТ да бараат, без надоместок, да објави:

- Исправка на објавена информација во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени нивните права или интереси, или:

- Одговор на објавена информација, доколку има поврзаност со фактите објавени во информацијата или има легитимен интерес.

Барањето за објавување исправка, односно одговор се поднесува во писмена форма:

- Образложено и потпишано од подносителот, со сите потребни податоци за него;

- Со јасно посочување на информацијата (податокот) на која се однесува и датумот на нејзиното емитување.

## VIII. РОК ЗА ОБЈАВУВАЊЕ И ДРУГИ УСЛОВИ

За време на процесот, исправката, односно одговорот, ќе биде објавена во првото следно издание на програмата во која била пласирана информацијата.